Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20.01.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 472 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН РЕДОВЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Редовниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 3 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14)** како и во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор донесена од страна на Агенцијата, е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Радовиш, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш** на ден 16.01.2015 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со Кординативното тело при Влада на Република Македонија, Агенцијата за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

Редовниот програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.

## КОНСТАТАЦИИ:

При извршениот редовен програмски надзор врз операторот, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш** на ден 16.01.2015 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на Радовиш, во рамките на аналогниот пакет, реемитува вкупно 35 програмски сервиси, од кои 5 програмски сервиси не се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси бр.1 од 04.08.2010, бр.2 од 10.09.2010, бр.3 од 25.10.2010, бр.4 од 17.03.2014 и бр.5 од 30.05.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, и тоа: Канал 5, ТВ Кобра, CNN, Boomerang и Cartoon Network.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**<u>ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:</u>**

Операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, на ден 16.01.2015 година во 12:00 часот, за своите претплатници, во рамките на аналогниот пакет, ги реемитуваше следните телевизиски програмски сервиси за кои не е издадена потврда за нивно реемитување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги: Канал 5, ТВ Кобра, CNN, Boomerang и Cartoon Network, со што постапи спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија"бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

**<u>ПРЕДЛОГ МЕРКИ:</u>**

1. На **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, согласно член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение со кое ќе му се наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на следните програмски сервиси: Канал 5, ТВ Кобра, CNN, Boomerang и Cartoon Network.

2. По издавањето на решение со кое ќе се наложи исклучување на програмските сервиси да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

   Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш.**

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**